**20171653143**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за јавните набавки,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 ноември 2017 година.

Бр. 08-3942/1
9 ноември 2017 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Член 1

Во Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/2007, 130/2008, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16 и 120/16), во членот 1 зборовите: „надлежностите на Советот за јавни набавки,“ се бришат.

Член 2

Во членот 3 став (1) точката 41 се брише.

Точките 42 и 43 стануваат точки 41 и 42.

Член 3

Главата II-а, насловот „Совет за јавни набавки“ и членовите 14-б, 14-в, 14-г, 14-д, 14-ѓ, 14-е, 14-ж, 14-з, 14-ѕ, 14-и, 14-ј, 14-к, 14-л, 14-љ, 14-м, 14-н се бришат.

Член 4

Во членот 15 став (7) по зборот „употреба“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 5

Членовите 36-а, 36-б и 36-в се бришат.

Член 6

Во членот 38 ставот (4) се брише.

Член 7

Во членот 99 ставовите (3), (4) и (5) се бришат.

Ставовите (6), (7) и (8) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 8

Членот 101-а се брише.

Член 9

Во членот 118 став (1) зборот „седум“ се заменува со зборот „три“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„По исклучок од ставот (1) на овој член, бројот на економски оператори може да е помал, доколку нема доволен број на економски оператори кои ги исполниле критериумите за утврдување на способност и истите доставиле прифатливи понуди.“.

Член 10

Во членот 160 ставот (3) се брише.

Член 11

Во членот 198 ставовите (3), (4) и (5) се бришат.

Ставот (6) станува став (3).

Член 12

Во членот 200 став (1) во алинејата 2 запирката се заменува со сврзникот „и“, а алинејата 3 се брише.

Член 13

Во членот 210 алинејата 9 се брише.

Член 14

Во членот 215 ставот (2) се брише.

Член 15

Во членот 220 став (1) алинејата 1 се брише.

Член 16

Во членот 222 ставот (5) се брише.

Член 17

Членовите 232-б, 232-г, 232-д, 232-ѓ, 232-ж, 232-з, 232-и, 232-л, 232-љ, 232-н и 232-р се бришат.

Член 18

Започнатите постапки по поднесени барања за добивање согласност од Советот за јавни набавки од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе запрат.

Член 19

Со денот на влегувањето во сила на овој закон вработените во стручната служба на Советот за јавни набавки се внесуваат во трансфер - листите на можни преземања кои ги води Министерството за информатичко општество и администрација согласно со Законот за вработените во јавниот сектор.

Министерството за информатичко општество и администрација им исплаќа плата и придонеси од плата на вработените од ставот (1) на овој член додека се на трансфер - листите, во висина на платата која ја добивале како вработени во Советот за јавни набавки, а средствата за оваа намена се обезбедуваат во буџетот на Министерството за информатичко општество и администрација.

Со денот на влегувањето во сила на овој закон паричните средства од сметката на Советот за јавни набавки се уплаќаат во Буџетот на Република Македонија.

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, опремата, инвентарот, архивата, документацијата, средствата за работа и други средства, побарувањата и обврските од Советот за јавни набавки се преземаат од Министерството за финансии.

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.